**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-5
22.05.2024 година
Кичево

**ОУ„ Кузман Јосифоски Питу“- Кичево**

| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 19-21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | број 4/ југозападен / 2024 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Нермина Карагоска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Подрачниучилишта** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кичево |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 616 |
| **Полова структура на ученици:** | 297 машки и 319 женски |
| **Број на наставници:** | 42 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Маја Спироска |
| **Директор на училиштето:** | Ирина Стојаноска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 29 , 30 и 31. октомври 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„4-ти јули“бб |
| **Телефон:** | 045/ 225-327 |
| **Факс:** | 04/225-327 |
| **e-mail:** | oukjpitu@t.mk |
| **Оценка од интегрална евалуација** | 3,42 ( Добро ) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 19-21 февруари 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ОУ„ Кузман Јосифоски Питу“-Кичево.

Државните просветни инспектори во текот на тридневната посета, извршија посета на наставни часови, оствարија комуникација и соработка со раководниот тим на училиштето, со стручната служба, со претставници на Училишниот одбор, Советот на родители, училишната заедница, поединечни средби со ученици, родители, наставен и ненаставен кадар.

ОУ„ Кузман Јосифоски Питу “- Кичево е општинско основно училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година се реализираат наставни планови и програми преку изготвување на глобални, тематски, тематско-процесни и дневни оперативни планирања за час за задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, програми за слободни ученички активности и ученички екскурзии, наставните планови и програми изработени од БРО и одобрени од МОН, кои во училиштето се имплементираат со однапред утврдена динамика. Реализацијата е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование.Училиштето има изработено насоки за вградување на меѓупредметните цели, во сите наставни програми што се реализираат, а наставниците ги почитуваат тие насоки.Училиштето ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат.Се реализира транспарентна процедура со која се дава можност учениците самостојно да вршат избор од три понудени изборни предмети според нивните интереси и потреби.

Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите со цел на запознавање на учениците и родителите со наставниот план односно списокот на задолжителните и изборни предмети кои се изучуваат во училиштето.

Наставниците од одделенска настава (I-VI) одд. изработуваат планирања согласно новата концепција за основно образование. предметните наставници од природната група на предмети од седмо, осмо и деветто одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата. Раководниот тим и стручните соработници ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми. Наставниците имаат план за ЕКО, МИО и план за примена на информатичка технологија во наставата.

Училиштето има формирано инклузивен тим со Одлука бр. 02-393/1 од 05.09.2023 година, година, изработена е програма за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и образовни потешкотии. Стручната служба на училиштето заедно со наставниците ги идентификува овие ученици, го следат нивниот психофизички и интелектуален развој и настојуваат со различни средства позитивно да влијаат на когнитивниот, афективниот и социјален развој. Во училиштето се изработуваат ИОП за учениците со посебни образовни потреби со наод и мислење кои се вклучени во редовна настава.

Училиштето нема регистрирано спортски клуб. Поголем број ученици се вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој без разлика на нивната полова и социјална припадност.

Во училиштето се реализираат содржини за Меѓуетничка интеграција во образованието преку програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови интегрирани содржини во наставните содржини по други предмети. Училиштето има партнер училиште - ООУ„Фаик Коница“ –с.Грешница, за реализирање на одредени активности од МИО.

Соработката со партнер училиштето се одвива континуирано со посета на група ученици со нивните наставници..
Училиштето има комплетни податоци за постигањата на учениците по класификациони периоди, по наставни предмети, според полот кој се изведува наставата. Се изготвени полугодишни и годишни извештаи во кои има показатели за постигањата на учениците по паралелки. Училиштето превзема доволни активности за надминување на разликите што се појавуваат во таквите ситуации во однос на подобрувањето на постигањата на учениците.

Стручните соработници во годишната програма планираат и реализираат истражувања за следење на успехот на учениците при преминот од основно во средно образование, како и следење на успехот на учениците во петто и шесто одделение, по одделни предмети во прво полугодие со што се придонесува за што пообјективно оценување на постигањата на учениците. Се следи успехот на истите ученици со цел да се види дали и колку има отстапување во истиот при преминот од одделенска во предметна настава.

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Училиштето им дава поддршка на наставниците за да им помогне поефикасно да ги планираат часовите. Предметните наставници непосредно и континуирано го следат остварувањето на наставните планови по паралелки. Покрај тоа, следење се врши и од страна на директорот на училиштето и стручната служба.

Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба, заради задржување на континуитетот и квалитетот на истите. Секој наставник што изведува настава задолжително изготвува соодветни планирања во електронска форма, усогласени со дадените наставни планови и програми на БРО, односно наставниците кои предаваат во одделенска настава изготвуваат планирања според насоките за новата концепција во основното образование, а предметните наставници од природната група на предмети. од седмо, осмо и деветто одделение изработуваат планирања согласно кембриџ-програмата.

Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава. Учењето во училницата и кабинетите во поголем дел е со користење на компјутер, прожектор, има работна атмосфера.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.

Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење на учениците и преземаат конкретни активности за исполнување на потребите/или отстранување на пречките. Во текот на целата година училиштето редовно реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат

тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците и има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. За таа цел наставниците редовно прибираат информации за постигањето на учениците и даваат транспарентна повратна информација за оценката на учениците. Наставниците при оценувањето на учениците користат формативно и сумативно оценување со употреба на различни алатки за оценување, усна проверка, писмени вежби, тематски тестови, бодовни листи, чек листи, наставни листови, чек листи за самопроверка и друго.

Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализи на состојбите во трите образовни периоди. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Тоа е објективно, транспарентно и индивидуализирано и скоро секогаш проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај на наставната-учебната година. со додатен дел. Со воведувањето на е-дневник родителите имаат можност за постојан увид во успехот и редовноста на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места) е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците.

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници, прирачници и брошури.Во училиштето има лице обучено за прва помош..Училиштето континуирано води грижа за одржување на хигиената во училиштето. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани .

Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини. Сите вработени во училиштето вршат редовни систематски прегледи. Последен систематски преглед во училиштето е извршен од 21.09.2024 година во ПЗУ Поликлиника ЕРА МЕДИКА“- Кичево со договор број 03-459/1 од 29.09.2023 год .

Училиштето организира активности и има план и програма за професионална ориентација на учениците. Се спроведува анкета за избор на идно занимање, а учениците добиваат информации за понатамошно образование преку промотивни материјали на воспитно-образовни институции од Кичево, и други .

Во училиштето се води уредна педагошка евиденција и документација и тоа во текот на целата година. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Со сите активности што ги планира и презема училиштето, угледот/имиџот што го има може да се каже дека е подобрен.

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот и истовремено постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и поголем дел од наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра работна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето.

Училиштето навреме и на правилен начин се справува со наставниците и вработените кои се однесуваат несоодветно ,ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.. Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Учениците имаат можности, согласно своите способности и интереси, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности. Натпреварите на кои учествуваат учениците ја збогатуваат традицијата што ја има училиштето во однос на постигнатите успеси кои се гордост и за самата институција, но и за самите ученици.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивните деца. Низ демократска процедура се врши избор на претставниците на родители во Училишниот одбор. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор. Интензитетот на соработка со невладиниот сектор со кој се создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска која што секако започнува од образованието е во постојан раст. Училиштето има добра соработка со месното население и деловната заедница, организира активности за да ја одржи и поттикне соработката.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Работата на училиштето се одвива во еден објект во Кичево.
Училишниот објект е наменски граден со доволен број на адекватни училници ,простории за останатиот персонал и санитарни простории.Училиштето располага со 18 училници ,библиотека 4 опремени кабинети по Информатика ,хемија и техничко и ликовно

образование, опремена просторија за дневен престој, канцаларии за наставниците ,раководниот кадар и помошниот. персонал.
Во училиштето е извршена дезинфекција ,дезинсекции дератизација.

Училиштето нема фискултурна сала, а наставата по физичко и здравствено образование , како и спортските активности се изведуваат на спортски терен .

Училиштето располага со недоволен број разновидна стручна литература. Наставните средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети во континуитет се надоградуваат и зголемуваат.

Во континуитет ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудио-визуелна и ИКТ опрема и постојано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес,. Во училиштето вработени се вкупно 64 лица од кои 42 наставници, 4 стручни соработници (библиотекар, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) 3 административни работници благајник,сметководител и архивар,), 14 помошно – технички работници , 1 директор .

Училиштето има стручна служба составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор. Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Буџетот се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите и начинот на работа на училишниот одбор се јасно дефинирани во деловникот за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа. Училишниот одбор секогаш работи со потребниот кворум и одлуките ги донесува со мнозинство на гласови.

Раководниот орган добро раководи со училиштето и во раководењето има поддршка од најголемиот број на субјекти во него. Објективно ги оценува квалитетите на вработените, фокусирајки се на нивниот придонес во тимската работа која е одлика на раководењето на органот. Успешно раководи со училиштето, иницира и донесува одговорни одлуки во полза на современиот образовен систем. Целосно е посветен на јасно поставени приоритети во развојниот план преку ефективна и конкретна самоевалуција, а како цел на своето работење им дава приоритет на постигнувањата на учениците и подобрувањето на наставниот процес. Директорот има професионален однос кон работата, добра комуникација со вработените и се грижи за нивниот професионален развој. Работи на подобрување на стандардите и промовирање на личниот развој на учениците. Преку ангажирање на поголем број на субјекти во училиштето настојува да го подигне квалитетот на наставата. Воспоставува соработка во непосредната и пошироката заедница.

Целите поставени во Програмата за развој на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставниот процес и постигнувањата на учениците. Вработените, родителите и учениците земаат учество во креирањето на развојните политики на училиштето. Училиштето работи на поголема вклученост на сите субјекти во креирањето и остварувањето на мисијата и визијата на училиштето.

Училиштето преку одредена процедура ја креира училишната политика. Постојано го подобрува квалитетот на политиките насочени кон унапредување на квалитетот на работењето на училиштето, вклучувањето на учениците со посебни образовни потреби во сите активности во училиштето, меѓуетничата интеграција во образованието и граѓански активизам. Во континуитет работи на намалување на насилството во училиштето, намалување на семејното насилство и еднаков пристап до квалитетно образование.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ОУ „ Кузман Јосифоски Питу “ –Кичево е добра (3,42)[1].

Самоевалуација, 01-388/2 од 29.08.2022 година
Развојна програма број 01-388/3 од 29.08.2022 година
Годишна програма, број број 01-334/1 од 14.08.2023 година
Одлука од Советот на општината за усвојување на Годишната програма од училиштето број 08-222712/12 од 20.09.2023
Годисшен извештај број 01-291/1 од 30.06.2023 година
Инклузивен тим на училиштето, Одлука бр. 02-393/1 од 05.09.2023 година,
Партнер училиште: ООУ„ Фаик Коница“ –с.Грешница,Кичево
Училишен спортски клуб - нема
Заедницата на учениците претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето. Преку оваа заедница учениците имаат можност да учествуваат

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

во креирањето и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето.

## Карактеристики на училиштето

ОУ „ Кузман Јосифоски Питу “ – Кичево е општинско деветгодишно основно училиште. Наставата се изведува на македонски наставен јазик во две смени

Во учебната 2023/2024 година настава посетуваат вкупно 616 ученици, организирани во 31 паралелка.

Воспитно-образовната дејност се остварува преку предвидените наставни планови и програми за деветгодишно основно образование, учениците од прво до шесто одделение наставата ја следат согласно новата концепција за основно образование.
Основното образование во Кичево во минатото се остварувало во едно четиригодишното основно училиште кое се викало „Климент Охридски“. Настава се изведувала во старата училишна зграда на сегашното училиште „Санде Штерјоски“. Поради големиот број на ученици во учебната 1956 година официјално започнуваат да работат две основни осумгодишни училишта и тоа „Херој Карпош“ и ОУ „Санде Штерјоски“. Дополнително, на седница на Народниот одбор на Општината Кичево, одржана на ден 15.11.1961 година донесено е Решение со кое името на ОУ „Херој Карпош“ е преименувано во ОУ „Кузман Јосифоски – Питу“.
Училиштето ги опфаќа учениците од централното градско подрачје. Главниот влез се наоѓа на северната страна помеѓу улиците „11ти Септември“ и „4ти Јули“, што значи не е на главна сообраќајница и на таков начин во голема мера е зголемена безбедноста на учениците при нивниот влез и излез од училишната зграда.Темелите на училиштето се удрени во текот на 1961 година каде имало две училишни бараки со седум училници .во недостаток на простор наредната година изградени се уште две училишни бараки.Заради зголемениот број на ученици се јавува потреба од нови училници .На 08.02.2002 година удрени се темелите на денешната современа училишна зграда која ќе ги задоволи образовните потреби на учениците и вработените а на 03.09.2007 година истата е пуштена во употреба.Училиштето е верифицирано со Решение 10-21/12 од 07.06.1995 годинаи издадено од страна на министерството за образование и наука. Училиштето е запишано во централен регистар на РСМ под деловоден број 8355/94 од 22.08. 1994 година. Училиштето има Статут заведен под бр. 01-135од 24.02.2020 година Училишната зграда има два ката со површина од 1759 метри квадратни или вкупно 3500 метри квадратни а училишниот двор е со површина од 13700 метри квадратни кој исто така е ограден. Оваа учебна година во училиштето настава следат 616 ученици распоредени во 31 паралелка

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес,. Во училиштето вработени се вкупно 64 лица од кои 42 наставници, 4 стручни соработници (библиотекар, педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) 3 административни работници благајник,сметководител и архивар,), 14 помошно – технички работници , 1 директор. Училиштето е вклучено во повеќе проекти организирани од Министерството за образование и наука Бирото за развој на

образованието и други институции од земјата и странство „Интеграција на еколошкото образование во редовниот образовен систем“, „Проект за меѓуетничка интеграција во образованието“.

Училиштето негува политика на правичност и еднаквост без разлика на национална, полова или верска припадност. Наставниците ги следеле обуките организирани од Бирото за развој на образованието.. Училиштето издава брошура согласно законот, со која ги запознава родителите и заинтересираните со работата на училиштето. Училиштето соработува со локалната самоуправа со други институции и невладини организации.

# 1 .Планирање, настава и учење

## 1.1. Планирања на наставниците

Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.Спроведени се неколку обуки за наставниците и стручните соработници, сите наставници ја имаат поминато обуката за новата Концепција за основно образованието. Не секогаш се врши дисеминација од спроведените обуки за планирањата на наставниците и стручните соработници.Планирањата на наставниците од прво, второ, четврто, петто и шесто одделение се во согласност со насоките добиени од БРО за планирање на наставата согласно новата Концепција за основно образование. Планирањата на најголемиот дел од наставниците се разгледуваат на почетокот од учебната година, а за дел од наставниците периодично со текот на нивното доставување, Во една учебна година, најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници, но нема процедури за давање поддршка за подобрување.
Наставниците на почетокот на учебната година разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, дел од наставниците планирањата ги изработуваат индивидуално особено предметните наставници.Планирањата кај голем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.

## 1.2. Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставни часови кај најголем број наставници. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник, во училиштето наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар.
Училиштето нуди изборни предмети и слободни изборни активности според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година.На анкетниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето.Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.
Поголем дел од наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава од наставните часови се користат различни ресурси, како и современи приоди во наставата.учење преку истражување примена на дигитални алатки и програми
За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.
Поголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголем број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол,

социјалното потекло, како и физичка попреченост. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците применуваат наставни техники, а интеракцијата е присутна во најголем дел во паралелките од прво, второ, четврто, петто и шестто одделение кои работат по новата Концепција за основно образование.На поголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена интеракција ученик – ученик.Најголем дел од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука на директорот на училиштето.Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП.Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Во училиштето има четири ученици со посебни образовни потреби кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката. Исто така, има и дванаест ученици со потешкотии во учењето кои се детектирани со извештај од надлежна институција или од страна на наставниците и стручната служба и со нив се работи со диференциран пристап. Поголем дел од наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите не се целосно приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка.Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот.

Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.

Тимот за училишна интеграција редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата а унапредување на МИО при МОН.

ООУ,,Кузман Јосифоски Питу ”,Кичево е училиште каде наставата се изведува на македонски наставен јазик , и најголемиот број воннаставни активности ги реализираат со јазично хетерогени групи ученици. Во училиштето се застапени трудови од ученици или паноа со содржини и од МИО кои се истакнуваат на видни места.

## 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Учениците имаат делумен пристап до различни материјали за учење.Од разгледување на прашалниците учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека она што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот.За време на часот, поголем број од наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.Мал број од наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците. Наставниот кадар и стручните соработници препознавањето на индивидуалните образовни потреби и пречки во процесот на учење на учениците не го вршат системски.

Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.Поголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

### 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања, учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети .Има наставниции кои изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Кај поголем број на наставници застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно.
Поголем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго. Учениците делумно се вклучуваат во оценувањето, застапено е и самооценување на учениците, но тоа не го овозможуваат сите наставници.Инструментите за оценување не се унапредуваат во соработка со стручната служба.

Поголем број од наставниците ги користат сите информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата. Поголем број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

### 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците.Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност.Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамки на воннаставните активности.
Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето.Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор, низ транспарентна процедура.Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите.Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози.
Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Постои поддршка од страна на наставниците за учениците да учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

## 2.Постигнувања на учениците

### 2.1 Постигнувања на учениците

предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на успехот на учениците, без големи промени и отстапувања.Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4,49, во учебната 2021/2022 годинаизнесува 4,56 и во учебната 2022/2023 година изнесува 4,58. постигаат значителни резултати во одделни области, во согласност со родителот/старателот Учеството и постигањата на воннаставните активности контин

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците,според пол,по сите наставни уирано се следи и евидентира.

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.Постои утврдена процедура на ниво на општина Кичево за запишување ученици во прво одделение.Согласно законската регулатива, училиштето формира комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, врши проверка на потврда за примени вакцини, спроведува кампањи и остварува соработка со надлежни институции.Процедурата е усвоена од училишните органи и училиштето постапува согласно со неа.Училиштето ги ажурира податоците за запишаните ученици и известува надлежни институции.

## 2.2 Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето има систем за детектирање на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот, го следи нивниот напредок и презема активности за поддршка и подобрување на успехот на овие ученици. Училиштето има инклузивен тим, составен од 7 члена, кој работи изготвува ИОП за учениците со ПОП, за учениците со модифицирани цели и учениците со потешкотии. Родителите на децата со посебни образовни потреби, се запознаени со напредокот на ученикот, предвидесо Индивидуалниот образовен план и по потреба, со нивно учество се ревидираат целите кои треба да се постигнат.

Дел однаставниците им даваат поддршка на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, во согласност со родителот/старателот

Училиштето има воспоставен систем за прибирање податоци за опфатот на учениците што завршиле во училиштето при преминот во средно образование.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратнициод странство, во наставниот процес.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 10693 , од кои 9371 се оправдани и 1376 изостаноци се неоправдани или во просек 14,14 оправдани и 2,09 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 18 472, од кои 18357 се оправдани и 115 изостаноци се неоправдани или во просек 28,15 изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 21 617, од кои 21339 се оправдани и 278 изостаноци се неоправдани или во просек 33,36 изостанок по ученик..Училиштето, за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата, презема мерки и активности при што соработува со родителите.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, училишниот психолог има евиденција за реализира советувања со родители и ученици. Во учебната 2022/2023 година,реализирани се 31 советувања на родители и ученици, во учебната 2023/2024 година, реализирани се 41 советувања на родители и ученици.

# 3. Училишна клима и односи во училиштето

## 3.1 Училишна клима

ООУ „Кузман Јосифоски Питу"-Кичево е препознатливо во локалната средина како училиште училиште кое промовира високи постигнувања редовност ,дисциплина на учениците и соработува со локалната заедница.Училиштето спроведува вонnаставни активности и за нивно афирмирање соодветно ги користи различните медиуми како интернет-страница ,социјални мрежи,ученичко катче итн.Постигањата на сите учениците се промовираат во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето.Кодексот на однесување и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.Училиштето има воспоставено редовни процедури за ажурирање на содржината на кодексот на однесување кој ги вклучува сите засегнати страни.Во училиштето постои соработка меѓу вработените,учениците и другите инволвирани во воспитно образовниот процес.

Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.Раководниот ,наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување на позитивна атмосфера во училиштето.Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата и етничката припадност и има еднаков третман на учениците со различни способности Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето,посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите и училиштето е со изграден углед и имиџ,Сите ученици се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.Во училиштето нема закани,говор на омраза ,провокации навреди и пишани графити со негативни пораки.Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели.Училиштето има куќен ред ,кој го почитуваат учениците и вработените.Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.Вработените се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите ,приемот на учениците и нивно заминување од училиштето согласно проширената програма на училиштето.Училиштето го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педгошката мерка.Во училиштето функционира Ученички парламент. Во училиштето функционира и ученичкиот правобранител. Учениците се информирани од страна на преставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес ,но немаат можност да учествуваат во решавањето на проблемите и донесување на заклучоци.Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето и постојат до две реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.

## 3.2 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата . Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за

правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.Во училиштето е избран ученик правобранител ,и има мал број на реализирани активности за заштита и унапредување на правата на учениците.Училиштето организира активности со дел од родителите /старателите за да ги запознае со правата на децата.Голем број на учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.

Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот и интелектуалните разлики.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во заедницата.Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат во таков случај.Училиштето навремено и ссодветно реагира на поплаките од учениците за нееднеаков третман.

## 3.3 Партнерски однос со заедницата

ООУ “Кузман Јосифоски Питу”,Кичево презема бројни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на работа на училиштето на сите нивоа. Од разговори водени во училиштето, со наставниците и членовите на Училишниот одбор и членовите на Советот на родители, се доби впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето е добра. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите и пренесување на информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето преку организирање родителски средби и преку електронска форма.Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии и други вонnаставни активности. Комуникацијата со родителите во училиштето се остварува секојдневно. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во работат на училиштето и постои документација за прифатени и реализирани идеи од родители/старатели за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето ..

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната зедница , преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Има повеќе примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница .

## 3.4. Севкупна грижа за учениците

Во училиштето се забранува секаков облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците. Учениците и возрасните во училиштето се запознаени со сите облици на однесување кои се сметаат за физичко и психичко насилство преку одржување на едукативни работилници, прирачници и брошури, Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство и при тоа

активностите ги координираат со институциите во локалната заедница. Вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиште. Во соработка со Одделението за внатрешни работи - Кичево училиштето води успешна политика за превенција од дрога, алкохол и пушење преку организирање на предавања и работилници. Не се забележани појави на внесување и користење на алкохол и наркотични средства.Во интерес на превенцијата од насилство и заради одржување добри односи во училишната средина се организираат дежурства од редот на наставниците. Навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи ,Министерство за внатрешни работи и здраствени установи .

Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но вработенитенемаат увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од објекти што се во непосредна близина на училиштето,Во училиштето на класниот час се обработуваат теми за здрава исхрана.Во училиштето тоалетите се чистат секојдневно, еднаш годишно врши дезинфекција и дератизација..Дворот во централното училиште а исто така и во другите објекти е чист и хортикултурно уреден.Во дворот во училиштето и во секоја училница има корпи за отпадоци ..Сите ученици и вработени вршат редовни систематски прегледи.Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање на прва пмош.

Во училиштето има вкупно 6ПП апарати кои редовно се сервисираат хидранти кои и се соодветно распределени во училиштетото.. Во училиштето постои план за евакуација кој е поставен на видно место,.Училишниот објект е осигуран .

Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозените семејства .Училиштето соработува со хуманитарни и невладини организации и деловната заедница за подршка и помош на учениците од социјално загрозени семејства. Стручната служба (педагог ,психолог и специјален едукатор и рехабилитатор) има механизми за препознавње на социо-емоционални потешкоти .Педагогот ,психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор се обучени да им помогнат на учениците со емоционални потешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантни те институции (советувалишта.здраствени установи ,центар за социјална работа итн. За учениците од осмо и деветo одделение училиштето навремено им обезбедува јасни и точни информации за продолжување на образованието и организира активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

# 4 Управување, раководење и креирање политики

## 4.1 Управување и раководење со училиштето

Органот на управување,Училишен одбор е составен и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има деловник за работа и програма за работа и според истите го организира своето работење. Состаноците на училишен одбор се одржуваат редовно и со однапред утврден ред и доставени материјали за седница.Училишниот одбор за својата работа редовно ги запознава другите субјекти, вклучени во образовниот процес во училиштето.

Соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето,е добра..

Директорот на училиштето го следи и координира работењето на установата во сите сегменти на остварување на воспитно образовната работа.Во таа смисла како раководен орган има воспоставено професионален однос кон работата и истиот знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето работење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручните работници.Приоритетна задача на директорот се постигнувањата на учениците и подобрување на условите за работа на училиштето.

Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.Соработка на директорот со стручните соработници,административниот кадар и учениците е добра.Управувањето и раководењето со училиштето е добро.

## 4.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на работењето на училиштето се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика.Наведените документи се креирани по насоки на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.Програмата за развој има јасност и соодветност на целите како и процедура за креирање на училишната политика.

Училиштето ги мобилизира наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите и се запознати со нивното остварување. Родителите и учениците се запознати со целите но истите многу малку се вклучени во реализацијата на истите.Креирањето на училишната политика е добра.Мисијата, визијата и вредностите на училиштето се отсликиуваат во Развојното планирање. Училиштето има акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализација на активностите и постигањата на поставените индикатори за успешност.

Училиштето има програма со кој се креира политиката за професионален развој на наставниците и стручните соработници но потребно е да се обезбедат финансиски средства, соодветно на потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето ги планира материјално техничките средства но планирањето потешко го реализира,поради ограничените финансиски можноисти.

Училиштето по потреба, бара средства од локалната и деловната заедница за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Развојното планирање е добро.

# Наоди и препораки

## Силни страни

- Училиштето постојано се ангажира во подобрување на условите за работа и води грижа за еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Раководниот орган добро раководи со училиштето и во работата има поддршка од најголемиот број на субјекти во него.
- Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување.
- Училиштето има партнерски однос со локалната заедница, невладини организации и други институции.
- Училиштето учествува во проекти како и на општински, регионални и државни натпревари каде постигнува успеси.
- Постои координирана и континуирана соработка меѓу училишниот одбор и директорот на училиштето.

## Слаби страни

- Недоволна опременост на училиштето со компјутери ,
- Училишните ходници и училници не се молерисани долго време
- Училиштето нема сала за физичкото и здравственото образование на учениците,

## Препораки

- Да се опремат училниците со компјутери неопходни за реализација на наставата.
- Училиштето да вложи напори за молерисување на ходницте
- Училиштето да направи напори во соработка со МОН и локалната власт да изгради фискултурна сала за потреба на учениците,

| | |
|---|---|
| Нермина Карагоска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Амдин Рушај, Инспектор | |
| Бошко Стефановски Инспектор | |